РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Сектор за правни работи-Одделение за прекршочна постапка**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Златко Кофиловски како претседател и членовите Дејан Атанасовски и Наим Рамети, повторно одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-094018/19-0004 од 24.01.2020 година на Царинарница Скопје – ЦИ Скопје 2, поведена против сторителите Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје како правно лице, за сторен царински прекршок по член по член 263-а став 4 точка 2 од Царинскиот закон и Роберто Павлов од Скопје, како одговорно лице во правното лице, по член 263-а став 5 вв став 4 точка 2 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52. 54 и 55 од Законот за прекршоци, на 05.07.2022 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје, со седиште на ул. „34„ бр. 16 во населба Илинден, Скопје, ЕДБ 4030990123919, ЕМБС 4144678, со жиро сметка 000300000000115272, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, како правно лице.

### СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263-а став 4 точка 2 од Царинскиот закон

2. Роберто Павлов од Скопје, роден на ден 17.07.1966 година во Скопје, со адреса на живеење ул. Њуделхиска бр. Б5/4-5, со ЕМБГ 1707966450118, со патна исправа број А0517192 издадена на 03.02.2010 година од МВР Скопје, државјанин на Република Македонија, како одговорно лице во правното лице.

### СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263-а став 5 вв став 4 точка 2 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 02.04.2018 година во ЦИ Скопје 2, поднеле царинска декларација ИМА 4 со број С-12473 од 02.04.2018 година за увозно царинење на стока со трговски назив обложени кикирки во вредност од 18.700,00 евра, по фактура број број SNV201800000016 од 23.03.2018 година издадена од фирмата Сунивва Гида од Република Турција, а распоредена во тарифна ознака 2008191900. По извршена царинска контрола од страна на Одделението за контрола на трговски друштва при ЦУРМ тргнувајќи од трговскиот назив на стоката како индикатор на сомневање во правилно распоредување на истата, а согласно описот на фактурата, сертификатот од производител со состав и карактеристики на производот (фито санитарен документ) од земјата извозник, констатирано е дека стоката се распоредува во тарифна ознака 2008119100, согласно примената на Основните Правила 1 и 6 за примена на номинклаурата на царинска тарифа и делот од Коментарските забелешки

на Хармонизираниот систем, која доведува до плаќање на увозни давачки или други давачки во помал износ од 348.590,00 денари, со што постапиле спротивно на член 72 став (1) од Царинскиот закон.

Со гореопишаното дејствие Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје, како правно лице сторил царински прекршок од член 263-а став став 4 точка 2 од Царинскиот закон и Роберто Павлов од Скопје, како одговорно лице во правното лице, по член 263-а став 5 вв став 4 точка 2 од Царинскиот закон, поради кое

ИМ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На правното лице Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје, глоба во износ од 800 (осумстотини) евра во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 49.200,00 денари.

2.На одговорното лице во правното лице Роберто Павлов од Скопје, 250 (двеста и педесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 15.375,00 денари.

Како и трошоци на постапката во износ од **250,00** денари, кои сторителите се должни да ги платат во рок од 8 (осум) дена од конечноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0027/20, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0027/20, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РМ, ул.Колекторска 6.6., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 75 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Пресуда УПРЖ.бр.73/2022 од 14.04.2022 година, Вишиот управен суд на Република Северна Македонија, жалбата на жалителите Чеза Комерц ДОО од Скопје и Роберто Павлов од Скопје, ја уважи, а пресудата на Управниот суд УПРЦ.бр.184/2021 од 14.10.2021 година се преиначува, тужбата на тужителите Чеза Комерц ДОО од Скопје и Роберто

Павлов од Скопје се уважува, а решението на Комисијата за одлучување по прекршоци при Царинска управа број 28-094018/19-0013 Прк.бр.0027/20 од 11.01.2021 година, се поништува. Вишиот управен суд најде дека неправилно и нецелосно е е утврдена фактичката состојба и погрешно е применет законот во смисла дека неправилно е наведен точниот број и датум на фактурата, како и кога е сторен прекршокот, а како би се ценел и приговорот за застареност на прекршочно гонење. Ито така смета дкеа се точни наводите за примена на поблаг закон за сторителите.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоците постојат законски услови за спроведување на повторена прекршочна постапка и за донесување на одлука, па во оваа смисла повторно ја спроведе доказната постапка, при што изврши увид во во барање за поведување на прекршочна постапка број 28-094018/19-0004 од 24.01.2020 година на Царинарница Скопје – ЦИ Скопје 2, записник за царински прекршок за правно лице број 28-094018/19-0001 од 23.12.2019 година, платен налог за правно лице со број 28-094018/19-0003 од 23.12.2019 година, платен налог за физичко лице со број 28-094018/19-0002 од 23.12.2019 година, копија од решение на Служба за првостепена управна постапка У бр.0631 број 27-057866/19-002 од 13.08.2019 година, копија од платен налог од 04.09.2019 година на износ од 4.152,00 денари платен налог од 23.08.2019 година на 394.751,00 денари од Чеза Комерц Скопје, покани за писмено прозинесување број 28-094018/19-0005 и 28-094018/19-0006 од 04.02.2020 година, доставници од пошта Скопје од 07.02.202 година и 10.02.2020 година, писмено произнесување број 28-094018/19-0007 од 14.02.2020 година, барање на податоци за статус на правно лице и остварен вкупен приход до Централен регистар број 28-094018/19-0009 од 02.03.2020 година, допис од Централен регистар број 09-632/2 од 04.03.2020 година и податок од службена евиденција од Агенција за вработување број 618/2020/0-18 од 24.09.2020 година, пресуда на Управен суд УПРЦ.бр.184/2021 од 14.10.2021 година и Пресуда УПРЖ.бр.73/2022 од 14.04.2022 година на Вишт управен суд, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Сторителите на ден 02.04.2018 година во ЦИ Скопје 2, поднеле царинска декларација ИМА 4 со број С-12473 од 02.04.2018 година за увозно царинење на стока со трговски назив обложени кикирки во вредност од 18.700,00 евра, по фактура број број SNV201800000016 од 23.03.2018 година издадена од фирмата Сунивва Гида од Република Турција, а распоредена во тарифна ознака 2008191900. По извршена царинска контрола од страна на Одделението за контрола на трговски друштва при ЦУРМ тргнувајќи од трговскиот назив на стоката ккао индикатор на сомневање во правилно распоредување на истата, а согласно описот на фактурата, сертификатот од производител со состав и карактеристики на производот (фито санитарен документ) од земјата извозник, констатирано е дека стоката се распоредува во тарифна ознака 2008119100, согласно примената на Основните Правила 1 и 6 за примена на номинклаурата на царинска тарифа и делот од Коментарските забелешки на Хармонизираниот систем, која доведува до плаќање на увозни давачки или други давачки во помал износ од 348.590,00 денари, со што постапиле спротивно на член 72 став (1) од Царинскиот закон.

Имено, согласно член 63 став (1) од Законот за прекршоците, прекршочниот орган ќе донесе решение за прекршок со кое се утврдува одговорност на сторителот и му се изрекува прекршочна санкција или се ослободува од одговорност.

Согласно став (3) од истиот член, прекршочниот орган не е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот.

Со гореопишаното дејствие сторителите постапиле спротивно на член 72 став (1) од Царинскиот закон, со што Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје, како правно лице сторил царински прекршок од член 263-а став 1 точка 2 вв став 4 од Царинскиот закон и Роберто Павлов од Скопје, како одговорно лице во правното лице, по член 263-а став 1 точка 2 вв став 5 и став 4 од Царинскиот закон.

Согласно член 72 став (1) од Царинскиот закон, Царинска декларација во писмена форма се поднесува на образец пропишан со прописот од членот 257 на овој закон. Царинската декларација во писмена форма мора да биде потпишана и мора да ги содржи сите податоци кои се неопходни за спроведување на царинските прописи со кои е регулирана царинската постапка за која стоката е декларирана.

Согласно член 263-а став 4 точка 2 од Царинскиот закон закон (Сл.весник на РСМ број 144 од 03.08.2018 година) кој важел во моментот на сторување на предметниот прекршок, глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице или трговец поединец за прекршок од став (1) на овој член, а глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е над 4.000 евра или кога вредноста на стоката е над 5.000 евра, ако во увозната царинска декларација наведе тарифна ознака во спротивност со податоците за видот на стоката во рубрика 31 од ЕЦД и тоа предизвикува или може да предизвика плаќање на увозни давачки, други даваачки и даноци во помал износ (член 72 став 1).

Согласно став 5 од истиот член, глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставовите (1) до (4) на овој член.

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Од страна на царинскиот орган ЦИ Скопје 2 кој го открил прекршокот, на сторителите им била уредно понудена постапка за порамнување, видно од платниот налог за правно лице со број 28-094018/19-0003 од 23.12.2019 година, платен налог за физичко лице со број 28-094018/19-0002 од 23.12.2019 година, меѓутоа истите во предвидениот рок од 8 дена, не ја платиле понудената глоба.

Врз основа на член 263-а став 6 од Царинскиот закон по утврдување на царински прекршок од членот 263-а став точка 2 на овој закон, царинскиот службеник на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба или платен налог во износ од 5000 евра во денарска против вредност за правно лице, односно во износ од 1500 евра во денарска против вредност за физичко лице.

Врз основа на член 263-а став 8 од Царинскиот закон по утврдување на царински прекршок од членот 263-а став точка 2 на овој закон, ак сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот 7 на овој член, царинскиот службеник поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган од членот 258-а од овој закон.

При повторното одлучување, Комисијата ги имаше предвид насоките на Вишиот Управен суд дадени во пресудата УПРЖ.бр.73/2022 од 14.04.2022 година, во смисла дека неправилно е наведен точниот број и датум на фактурата, како и кога е сторен прекршокот, битен за застареност на прекршочното гонење, па во оваа насока направи увид во увозна царинска декларација ИМА 4 број С број 12475 од 02.04.2018 година на Царинската испостава Скопје 2 (1015) при што констатира дека во рубрика 44 - Приложени документи од ЕЦД од страна на увозникот под шифра F10 е приложена фактура за царинење број SNV201800000016 од 23.03.2018 година од SUNNIVA GIDA Република Турција. Барањето за поведување на прекршочна постапка број 28-094018/19-0004 на Царинарница Скопје – ЦИ Скопје 2, по член 263-а став 4 точка 2 од Царинскиот закон за правното лице и по член 263-а став 5 вв став 4 точка 2 од Царинскиот закон за одговорното лице во правното лице, е изготвено на ден од 24.01.2020 година, и се применети одредбите од Царинскиот закон кои важеле во време на сторување на прекршокот. Прекршокот е сторен на ден 02.04.2018 година што значи дека по член 262 став 1 и став 6 од Царинскиот закон „ (1) Прекршочна постапка по царински прекршок утврден со овој закон не може да се поведе ако поминале повеќе од четири години од денот кога е сторен прекршокот. (6) Застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што е определено во ставот (1) на овој член". Во врска со забелешката на Вишиот управен суд за примена на поблаг закон, Комисијата во конкретниот случај при одмерувањето на глобата на сторителите ги примени одредбите на Царинскиот закон („Службен весник на РСМ" бр.110/21) кој е поблаг за сторителите, односно глобата им ја одмери според член 263 став 3 точка 12 од Царинскиот закон на правното лице, според кој кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е од 250 до 1.000 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е од 500 до 4.000 евра во денарска противвредност на правното лице му се изрекува глоба во износ од 700 до 1.000 евра, и според член 263 став 3 вв став 4 точка 12 од Царинскиот закон според кој глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност, за прекршок од ставот (1) на овој член, ќе се изрече на одговорно лице во правното лице или на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е од 250 до 1.000 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е од 500 до 4.000 евра во денарска противвредност.

Во истата оваа насока, а по добиените податоци од службени евиденции број 618/2020/0-18 од 24.09.2020 годин од Агенцијата за вработување за вкупниот број од 86 вработени и Известувањето број 09-632/2 од 04.03.2020 година од Централниот регистар за остварениот приход 575.948.386 милиони денари во претходната година, Комисијата согласно одредбите на член 37 став 1 од Законот за прекршоците и имајќи ги предвид критериумите пропишани во член 470 од Законот за трговските друштва, утврди дека обвинетото правно лице Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје се распоредува во класификацијата на „среден трговец", па врз таа основа утврди дека и глобата треба да му се изрече во рамките на пропишаниот распон за правни лица – средни трговци според цитираниот член 36 став 1 од Законот за прекршоците.

Врз основа на досега наведеното и цитираните законски одредби, Комисијата ги зеде во предвид одредбите од член 16 на Законот за прекршоците и на правното лице Чеза Комерц ДОО Скопје од Скопје му изрече глоба од 800 евра, додека на одговорното лице Роберто Павлов од Скопје глоба во износ од 250 евра, и смета дека со истата ќе се постигне целта на изрекување на прекршочната санкција.
Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.
упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението.
Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија–Царинарница Скопје на ул. Колекторска 6б, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка

Претседател на комисија,
Златко Кофиловски

Прк.бр.0027/20
Број 28-094018/19-0027
Скопје, 05.07.2022 година

Доставено во оригинал до:
- сторители
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител
Изработил: Дејан Атанасовски